Врз основа на член 42 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 07/08 и 67/10) и Одлуката за распишување на јавен конкурс за давање на концесија за рекреативен риболов на рекреативната зона на вештачкото езеро – акумулација Турија бр 51-3784/1 од 13 јули 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 126/10) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

**Јавен конкурс**
**за давање на концесија за рекреативен риболов**
**на рекреативната зона на вештачкото езеро- акумулација Турија**

## *I ПРЕДМЕТ*

Предмет на јавниот конкурс е давање на концесија за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона на вештачкото езеро – акумулација Турија.

Рибите од рекреативната зона на вештачкото езеро – акумулација Турија се даваат на концесија за период од шест години.

## *II ПРАВО НА УЧЕСТВО*

Право на поединачно учество на конкурсот имаат риболовни здруженија и вршители на туристичка дејност регистрирани согласно со Законот за туристичка дејност кои ги исполнуваат следните општи услови:

А. риболовни здруженија

- имаат минимум 50 члена,
- имаат најмалку еден вработен или ангажиран рибочувар и
- имаат склучено договор за порибување со регистриран репроцентар.

Б. вршители на туристичка дејност

- имаат најмалку еден вработен или ангажиран рибочувар,
- имаат склучено договор за порибување со регистриран репроцентар и
- имаат позитивно мислење за организирање на рекреативниот риболов во рекреативната зона на вештачкото езеро – акумулација Турија издадено од единицата на локалната самоуправа.

## *III ВИСИНА НА НАДОМЕСТ*

Концесионерите плаќаат надомест за рекреативен риболов во висина од 10% од цената на издадените дозволи.

## *IV ПОСТАПКА И КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР*

Постапката за избор на најповолен понудувач ќе се спроведе и доколку на конкурсот конкурира само едно правно лице.

Постапката за јавен конкурс за давање на рибите на концесија ја спроведува комисија формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Комисијата ја подготвува тендерската документација во рок од седум дена од денот на објавување на јавниот конкурс и истата ќе може да се подигне од архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Критериуми за избор на најповолен понудувач се:

- број на членови 30 бодови,
- седиште на субјектот 30 бодови
- предлог план за организирање рекреативен риболов 20 бодови
- висина на вредноста на договорот за порибување на езерото 20 бодови

Начинот на бодирање на критериумите за избор ќе биде содржан во тендерската документација.

## *V НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ*

Понудите заедно со потребната документација се доставуваат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Понудата се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на понудувачот.

Заинтересираните субјекти кон понудата на овој конкурс треба да поднесат писмени докази за исполнување на условите од точка 2 на овој конкурс, предлог план за организирање изработен во согласност со риболовната основа за вештачкото езеро – акумулација Турија. Кон понудата се доставува тековна состојба на понудувачот издадена од Централен регистар. Потребната документација се доставува во оригинал или фотокопија заверена на нотар.

Понудата со потребната документацијасе доставува во затворен плик преку пошта на адреса: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул. Јуриј Гагарин бр. 15 1000 Скопје или со предавање во архивата на министерството секој работен ден од 9,00 до 15,00 часот. Пликот не смее да има никакви ознаки и/или податоци за субјектот кој конкурира. На предната страна на пликот во горниот агол пишува “НЕ ОТВОРАЈ”, а во средината “за Јавен конкус за давање на концесија на риби”. Пликоата на кои ќе има било какви ознаки и/или податоци и понудите кои не ја содржат потребната документацијанема да ги содржат бараните податоци на овој јавен конкурс, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

Тендерската документација може да се подигне во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Тел. ++389 2 3 144 477

## *VI РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ*

Крајниот рок за доставување на понудите со потребната документација е 52 дена од денот на објавување на јавниот конкурс вклучувајќи го и денот на објавувањето. Понудите кои нема да бидат доставени во предвидениот рок нема да бидат разгледувани.